Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Бр. 03 - 358**
**14.03.2022 година**

Врз основа на Одлуката на Деканатската управа бр. 0201-341/6 од 10.03.2022 година, а во врска со добиената согласност за ангажирање на 10 лица врз основа на договор на дело добиена од Министерството за финансии со бр. 18-11981/2 од 13.01.2022 година и известувањето од Министертството за образование и наука бр. 14-519/2 од 1.02.2022 година, се распишува

# О Г Л А С

за ангажирање на едно (1) лице врз основа на договор на дело за потребите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје

1. Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје има потреба од ангажирање на едно (1) лице врз основа на договор на дело со завршено средно образование (ветеринарен техничар/лаборант) за период до 31.12.2022 година.

2. Кандидатите треба да ги исполнат општите услови утврдени со закон (доказ за државјанство, доказ за општа здравствена способност за работното место и доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност).

3. Кандидатите треба да ги исполнат посебните услови и тоа:

- ниво на квалификации VA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 120 кредити според ЕКТС или средно образование со стручен назив кое содвествува на барањето на огласот
- работно време: работни денови (понеделник-петок) со 8 работни часа
- нето плата: 20.000,00 денари
- препораки
- со или без работно искуство

**4. Заинтересираните кандидати потребно е да достават:**

- пријава која содржи име и презиме, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, адреса на електронска пошта, телефон, со јасно назначување за само една позиција за која се пријавуваат,
- писмо за интерес (мотивационо писмо),
- кратко CV на македонски јазик,
- копија од диплома или уверение за завршено соодветно образование и
- докази за исполнување на општите и посебните услови од огласот.

<u>Документите се доставуваат во оригинал или заверен препис кај нотар.</u>

Пријавите со документите за исполнување на условите се доставуваат преку архивата на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје со назнака за “Оглас за ангажирање на едно (1) лице врз основа на договор на дело за период до 31.12.2022 година”, на адресата Лазар Поп Трајков 5-7, 1000 Скопје.

Рокот за пријавување е 5 работни дена од денот на објавувањето на огласот односно до 21.03.2022 година.



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

Изборот на кандидатите ќе се изврши во рок од 5 работни дена по истекот на рокот за пријавување.

Некомплетните документи и документите доставени по истекот на рокот нема да се земат во постапка на разгледување.

Начинот на спроведување на селекција на кандидатите ќе се спроведе од Комисија за спроведување на постапката со проверка на пријавата со доказите и интервју со пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите.

Декан,
Проф. д-р Лазо Пендовски



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk